M@S СЕРТИФИКАТ ISO 9001:2008

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА-ОПШТИНСКА ДЕТСКА ГРАДИНКА
ВЕРА ЦИРИВИРИ-ТРЕНА Штип
Примено: 13.05.2026
Организациона единица | Број | Прилог | Вредност
02- | 85/2 | |

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Број 09-3112/4*
*11.05.2026 година*
*Ш т и п*

Врз основа на член 120, став 9 и член 123, став 10 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ" број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16 163/17 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 104/19, 146/19 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), член 51 став 3 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 4/11, 13/14 и 5/21), а во согласност со предлог одлуката за избор на Директор на ОЈУДГ „Астибо" - Штип на Комисијата формирана од страна на управниот одбор на ОЈУДГ „Астибо" Штип бр.09-3112/1, Градоначалникот на Општина Штип донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ДИРЕКТОР НА ЈАВНА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА - ОПШТИНСКА ДЕТСКА ГРАДИНКА „АСТИБО"-ШТИП

1. Се избира лицето **Ивана Анѓеличкова** за Директор на Јавна установа за деца – Општинска детска градинка „Астибо" - Штип.

2. Директорот се избира со мандат од 4 години, **сметано од 12.05.2026 година.**

3. Примерок од ова решение да се достави до именуваното лице, училиштето, архивата на Општина Штип и одделението за поддршка на Совет на Општина Штип.

4. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип".

*О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е*

Врз основа на член 120, став 9 и член 123, став 10 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ" број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16 163/17 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 104/19, 146/19 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), член 51 став 3 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип"

број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 4/11, 13/14 и 5/21), а во согласност со предлог одлуката за избор на Директор на ОЈУДГ ,,Астибо" - Штип на Комисијата формирана од страна на управниот одбор на ОЈУДГ ,,Астибо" Штип бр.09-3112/1, во која кандидатот Ивана Анѓеличкова ги исполнува предвидените законски услови, Градоначалникот на Општина Штип во законски предвидениот рок донесе Решение за избор на Директор на Јавна установа за деца – Општинска детска градинка „Астибо" – Штип и одлучи како во диспозитивот на ова Решение

**Правна поука:** Незадоволната странка против ова Решение има право да поднесе жалба во рок од 8 дена од приемот на истото до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Општина Штип**
**Градоначалник**
**Иван Јорданов**

*Секретар на Општина Штип:*
*Вишна Шорова-Ангелова*

*Доставено до:*

- *Архива*
- *Именуваниот*
- *ОЈУДГ „Астибо" – Штип*
- *Одделение за правно-нормативни работи и поддршка на Советот*